

МЕЃУНАРОДНА
ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

# КУМАНОВО 2012/2013

International
Art Colony

# KUMANOVO

Овогодинешната, (биенална) изложба на дела од Ликовната колонија "Куманово 2012-2013" не треба да се разбере само како уште една поставка во низот отворена по одржувањето на Колонијата, туку како соодветна најава за големиот јубилеј (40 години постоење), кој ќе биде одбележан во текот на идната година. Континуираното траење на колонијата (формирана е 1974 год. ), навистина заслужува внимание и признание – и на организаторите, (НУ Музеј - Куманово и градоначалникот и советот на Општина Куманово), за нивниот ентузијазам и долгогодишната истрајност и на учесниците (ликовните уметници), за нивната успешна творечка активност и дејност.

Во досегашното четиридецениско пулсирање на ликовната колонија Куманово се создаде богат фонд на уметнички дела со апсорбиран квалитет. Збирката, заедно со последните продукции (2012-2013) ја надминува бројката од 850 слики и скулптури кои како вредности остануваат во сопственост на Уменичката галерија при НУ Музеј – Куманово. Оваа богата колекција содржи уметнички дела создадени од веќе потврдени и афирмирани автори во ликовната јавност, но и дела од автори со сеуште недоискажани ликовни ставови, кои токму преку ваквата форма на креативни средби, доаѓаат до еден вид повисок степен на наобразба во вид на искуство во нивното понатамошно ликовно градење.

Бидејќи манифестацијата има биенален карактер, изложбата ги подразбира резултатите од последните две сесии (триесетишестата и триесетиседмата – со изземање на неколкуте години кога таа воопшто и не се одржа поради познатите општествено политишки промени во регионот), кои претставуваат еден логично хетероген, богат спој на ликовни искуства, сензибилитети, стилски конотации и идеи. На ликовната колонија Куманово 2012 и Куманово 2013, учество зедоа вкупно 25 ликовни уметници, од Македонија и регионот. Поголемиот број од нив оставија дела кои имаат одлики на нивните досегашни тематски и поетски концепции, но и дела оплеменети со едно ново искуство, една нова визура и трага од инспиративниот амбиент и десетдневната дружба. Во таа смисла, во делата највеќе се чувствува рефлексијата од посетата на мегалитската опсерваторија Кокино, која се наоѓа во непосредна близина на Куманово. Некои уметници магијата и сензацијата од посетата на овој локалитет ја транспонираа во своите веќе препознатливи, индивидуални карактеристични иконографии: Нове Франговски (Македонија) Румен Жеков (Бугарија), Катарина Ѓорѓевиќ (Србија) и др. За да не ги ограничуваме настанатите дела со едноставно и еднострано етикетирање на стилските определби што денес е сосема депласирано, можеме само да констатираме дека секој уметник во сопствен стил ја градеше својата творба, ослободен од било какви однапред зададени правила и идејно тематски определби. Со творечка слобода, во дијалог со платното, бојата, планините, водата, сонцето и земјата, со своите колеги и со самиот себе настанатите дела ги носат белезите на самиот амбиент и атмосферата во чии прегратки се родија.

Во изложената, биенална продукција која брои повеќе од 50 дела преовладува сликарството како форма на ликовно изразување. Таа содржи само една скулптура во метал и една просторна инсталација од дрво и метал која поставена во тревникот на Меморијалниот центар на АСНОМ во с. Пелинце е наменета за игра и анимација на најмладите – децата.

На крајот може да се заклучи дека Ликовната колонија Куманово со сигурност е една од оние сликарски колонии, која во време на се понапредните и понови електронски медиуми, во време кога се повеќе се актуелни поинаквите (веќе и не така нови) трендови во уметноста (видео арт, перформансот, инсталациите....), во кои преовладува технолошката слика, ја чува автономијата на сликарството и чистиот естетско - етички карактер на уметноста.

Драгана Спасковска, историчар на уметноста

This year's (biennial) exhibition of works of art from the Art colony "Kumanovo 2012/2013" should not be understood only as an another exhibition in line that was opened after the holding of the Colony, but also as an appropriate notice for the great jubilee (40 years of existence), which will be marked during the following year. The continuous duration of the colony (which was formed in 1974) truly deserves attention and acknowledgement - for the organizers (the National Institution Museum - Kumanovo, the Mayor and the Council of the Municipality of Kumanovo) for their enthusiasm and persistence of many years and also for the participants (artists) for their successful productive work and activity.

In the past four decades of pulsation of the Art colony Kumanovo, there is a great fund of works of art created, which are with an absorbed quality. The collection, together with the last productions (2012-2013) exceeds the number of 850 paintings and sculptures, which remain as values in ownership of the Art gallery with the National Institution Museum - Kumanovo. This abundant collection encloses works of art created by already affirmed and confirmed authors in the art public, but also works of art by authors who still have unexpressed art attitudes and precisely through this kind of creative meetings come to a greater degree of educating in a kind of experience in their further art establishment.

Because the manifestation has a biennial character, the exhibition involves the results of the last two sessions (the thirty-sixth and the thirty-seventh - with exception of the several years when it was not held at all, because of the well known social and political changes in the region), which represent a logically heterogeneous, rich blend of art experiences, sensibilities, style overtones and ideas. Overall 25 artists participated on the Art colony Kumanovo 2012 and Kumanovo 2013, from the Republic of Macedonia and the region. Most of them left works of art which have features of their past thematic and poetic concepts, but also works of art enriched with a new experience, a new vision and a trace of the inspirational ambient and the ten day companionship. Therefore, the works of art are enriched with feelings and reflexes by the visit of the megalithic observatory Kokino, which lies near Kumanovo. Some of the artists have transcribed the magic and the sensation of the visit to this locality in their already recognizable, individual, characteristical iconographies: Nove Frangovski (Republic of Macedonia), Rumen Zhekov (Republic of Bulgaria), Katarina Djordjevikj (Republic of Serbia) etc. So that we do not limit the created works of art with a simple and one-way marking of the stylistic attributes which is nowadays completely misplaced, we can only ascertain that each one of the artists created his own work of art, relieved of any other previously imposed rule or conceptually thematic formulation. With creative freedom in a dialog with the canvas, the colours, the mountains, the water, the Sun and the Earth along with the colleagues and himself / herself, the created works of art bear marks of the ambient itself and the atmosphere in whose embraces they were born.

In the exhibited biennial production which enumerates more than 50 works of art prevails the painting as a form of artistic expression. It only includes one sculpture in metal and one spatial installation made of wood and metal which is set on the lawn of the Memorial centre "ASNOM" in the village of Pelince and is intended for play and animation of the youngest ones - the children.

In the end, we can conclude that the Art colony Kumanovo is surely one of the art colonies which in times of more and more booming and newer electronic media, in times of more and more prevailing different (but not so new) trends in art (video art, performances, installations...) dominated by the technical painting, preserves the autonomy of the painting and the pure aesthetically-ethical character of art.

Dragana Spaskovska, art historian





**Ахмет Синаси ИСЛЕР – Р. Турција**
Роден е 1968 год. Дипломирал Факултет за уметничко образование на одделот за графика на Универзитетот во Улудаг. Во 1997 год. дипломирал графика на Универзитетот во Мармара, каде што 2001 год. докторирал графика. Професор е на Универзитетот во Улудаг. Имал повеќе национални и интернационални изложби.
e-mail: asinasi@gmail.com
Наслов на дело : **" From old history I "**, масло на платно (90x70)

**Ahmet Sinasi ISLER - Republic of Turkey**
Born in 1968. Graduated on the Faculty of Art education, on the Department of graphics, on the University in Uludag. In 1997, he graduated graphics on the University in Marmara, where in 2001 he received a PhD in graphics. He is a professor on the University in Uludag. He participated in a great number of national and international exhibitions.
e-mail address: asinasi@gmail.com
Title of the work of art: **" From old history I "**, oil on canvas (90 x 70)

**Душка – Р. Франција**
Има реализирано голем број на самостојни и групни изложби во Франција, Африка, Либан, Кина, Грција, Италија, Шпанија, САД, Канада и Јапан. Живее и работи во Париз.
e-mail: duskaorg@fre.mk
Наслов на дело :
**" Одвојување на ентериерот I "** масло на платно (70x90)

**Dushka - France**
Has realized a great number of independent and group exhibitions in France, Africa, Lebanon, China, Greece, Italy, Spain, USA, Canada and Japan. Lives and works in Paris.
e-mail address: duskaorg@fre.mk
Title of the work of art:
**" Separation of the interior I "**, oil on canvas (70 x 90)



**Дејан Божиновски – Коска - Р. Македонија**
Роден е 1984 год. во Куманово.
Завршил ФЛУ во Скопје.
e-mail: dejan_koska@yahoo.com
Наслов на дело :
**" МКД "**, диптих – комб.тех.(180x70)

**Dejan Bozhinovski - Koska - Republic of Macedonia**
Born in 1984 in Kumanovo. Graduated on the Faculty of Fine Arts in Skopje.
e-mail address: dejan_koska@yahoo.com
Title of the work of art:
**" MKD "**, diptych - combined technique (180 x 70)



**Васил Кирјазовски – Р. Франција**
Роден 1942 год. Има реализирано голем број на самостојни и групни изложби во Франција, Италија, Македонија и др.Живее и работи во Париз.
Контакт: 00331 49 6000 46
Наслов на дело :
**" Динамика I "**, масло на платно (70x90)

**Vasil Kirjazovski - France**
Born in 1942. Has realized a great number of independent and group exhibitions in the France, Italy, the Republic of Macedonia etc. Lives and works in Paris.
Telephone number: 00331 49 6000 46
Title of the work of art:
**" Dynamics I "**, oil on canvas (70 x 90)



**Снежана Гроздановиќ – Р. Србија**
Родена 1970 год. во Смедеревска Паланка.
Завршила ФЛУ во Белград 1994 год., оддел сликарство и постдипломски студии на истиот факултет, 1997 година.
e-mail: grozdart@gmail.com
Наслов на дело :
**" Моето око е зелено "**, акрил на платно (90х70)

**Snezhana Grozdanovikj -Republic of Serbia**
Born in 1970 in Smederevska Palanka. Graduated on the Faculty of Fine Arts in Belgrade in 1994 on the Department of painting. Finished postgraduate studies on the same Faculty in 1997.
e-mail address: grozdart@gmail.com
Title of the work of art:
**" My eye is green "**, acrylic paint on canvas (90 x 70)

**Жарко Вучковиќ – Р. Србија**
Роден е во Книн 1963 год. Дипломирал сликарство на ФЛУ во Белград 1987год. и магистрирал 1990 год. Работи како професор на Факултетот за уметност во Приштина (Звечан).
Добитник е на повеќе награди.
e-mail: zarko81@gmail.com
Наслов на дело:
**" Врзување "**, комб.тех.(90х70)

**Zharko Vuchkovikj - Republic of Serbia**
Born in Knin in 1963. Graduated painting on the Faculty of Fine Arts in Belgrade in 1987. Finished postgraduate studies in 1990. Works as a professor on the Faculty of Fine Arts in Pristina (Zvechan).
Recipient of several awards.
e-mail address: zarko81@gmail.com
Title of the work of art:
**" Bonding "**, combined technique (90 x 70)





**Момир Кнежевиќ - Р. Црна Гора**
Роден е 1949 год. во Петровиќи. Дипломирал во 1981 година на Наставничкиот факултет во Никшиќ. Студирал реставрација во Прага. Дипломирал на Академија за ликовна уметност во Приштина во 1986 год. Професор е на факултетот за уметност во Приштина (Звечан) и на Академијата за ликовна уметност во Требиње.
Има повеќе награди за сликарство.
e-mail: momirknez@gmail.com
Наслов на дело:
**" Без наслов "**, масло на платно (50x50)

**Momir Knezhevikj - Montenegro**
Born in 1949 in Petrovikji. Graduated in 1981 on the Pedagogical faculty in Nikshikj. Studied Restauration in Prague. Graduated on the Academy of Fine Arts in Pristina in 1986. He is a professor on the Faculty of Fine Arts in Pristina (Zvechan) and on the Academy of Fine Arts in Trebinje. Recipient of several awards for painting.
e-mail address: momirknez@gmail.com
Title of the work of art:
**" Without title "**, oil on canvas (50 x 50)

**Ивана Маркез Филиповиќ - Р.Србија**
Родена е 1976 год. во Панчево.
На Академијата за ликовна уметност во Нови Сад завршила сликарство, 2002 год.
e-mail: i.markez.f@gmail.com
Наслов на дело :
**" Вера, љубов и надеж "** , акрил на платно (70x90)

**Ivana Markez Filipovikj - Republic of Serbia**
Born in 1976 in Panchevo.
Graduated painting on the Academy of Fine Arts in Novi Sad in 2002.
e-mail address: i.markez.f@gmail.com
Title of the work of art:
**" Faith, love and hope "**, acrylic paint on canvas (70 x 90)





**Румен Жеков - Р. Бугарија**
Роден е 1960год. во Хасково.
Завршил Национална Академија
за ликовна уметност во Софија.
Контакт: 032/94 12 68
0897 62 49 49
0879 26 12 68
Наслов на дело :
**" Кокино - зора "**, масло на платно (70x90)

**Rumen Zhekov - Republic of Bulgaria**
Born in 1960 in Haskovo.
Graduated on the Academy of Fine Arts in Sofia.
Telephone number: 032 / 94 12 68
0897 62 49 49
0879 26 12 68
Title of the work of art:
**" Kokino - dawn "**, oil on canvas (70 x 90)



**Николај Бузов - Р. Бугарија**
Роден е 1960 год.
Завршил Училиште за ликовна уметност и дизајн во Казанлак.
Има реализирано повеќе самостојни и групни изложби,
а учесник е и на голем број ликовни колонии.
Добитник е на повеќе награди и признанија.
Наслов на дело:
**" Храм "**, акрил на платно (70x90)

**Nikolaj Buzov - Republic of Bulgaria**
Born in 1960.
Finished School of Fine Arts and design in Kazanlak.
Has realized several individual and group exhibitions
and is a participant of a great number of art colonies.
Recipient of several awards and recognitions.
Title of the work of art:
**" Temple "**, acrylic paint on canvas (70 x 90)



**Иван Тотев – Р. Бугарија**
Роден е 1958 год. во Пловдив. Завршил Академија за ликовна уметност во Велико Трново.
e-mail: ivngtotev@abv.bg
Наслов на дело : **" Рицар "**, скулптута во метал

**Ivan Totev - Republic of Bulgaria**
Born in 1958 in Plovdiv. Graduated on the Academy of Fine Arts in Veliko Trnovo.
e-mail address: ivngtotev@abv.bg
Title of the work of art: **" Knight "**, sculpture in metal

**Нове Франговски – Р. Македонија**
Роден е 1939 год. во Галичник .
Завршил Академија за ликовна уметност во Белград
и специјализација во Италија.
Контакт: 023/06 27 53 ; 070/ 79 09 92
Наслов на дело: **" Без наслов "** , диптих , масло на платно (180x70)

**Nove Frangovski - Republic of Macedonia**
Born in 1939 in Galichnik.
Graduated on the Academy of Fine Arts in Belgrade
and specialized in Italy.
Telephone number: 023/60 27 53; 070/79 09 92
Title of the work of art: **" Without title "**, diptych, oil on canvas (180 x 70)



# МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА КУМАНОВО 2013

# International Art Colony KUMANOVO 2013

**Румен Жеков – Р. Бугарија**
Роден е 1960 во Хасково. Завршил Национална Академија за ликовна уметност во Софија.
Контакт: 032/94 12 68, 0897 62 49 49, 0879 26 12 68
Наслов на дело : **" Без наслов "**, масло на платно (70х90)

**Rumen Zhekov - Republic of Bulgaria**
Born in 1960 in Haskovo.
Graduated on the Academy of Fine Arts in Sofia.
Telephone number: 032 / 94 12 68, 0897 62 49 49, 0879 26 12 68
Title of the work of art: **" Without title "**, oil on canvas (70 x 90)





**Дејан Божиновски – Коска - Р. Македонија**
Роден е 1984 г. во Куманово. Завршил ФЛУ во Скопје
e-mail: dejan_koska@yahoo.com
Наслов на дело : **" Аларм "**, масло на платно, (70х90)

**Dejan Bozhinovski - Koska - Republic of Macedonia**
Born in 1984 in Kumanovo. Graduated on the Faculty of Fine Arts in Skopje.
e-mail address: dejan_koska@yahoo.com
Title of the work of art: **" Alarm "**, oil on canvas (70 x 90)



**Борис Кукуњавски – Р. Македонија**
Роден 1945 год. во Куманово. Завршил ФЛУ во Скопје.
e-mail: boris.kukunjavski@facebook.com
Наслов на дело : **" Наместо каријатиди I "**, масло на платно (70x90)

**Boris Kukunjavski - Republic of Macedonia**
Born in 1945 in Kumanovo. Graduated on the Faculty of Fine Arts in Skopje.
e-mail address: boris.kukunjavski@facebook.com
Title of the work of art: **“Instead of Caryatides I”**, oil on canvas (70 x 90)

**Нове Франговски – Р. Македонија**
Роден е 1939 год. во Галичник. Завршил Академија за ликовна уметност во Белград и специјализација во Италија.
Контакт: 023/06 27 53 ; 070/ 79 09 92
Наслов на дело : **" Без наслов "**, масло на платно (140x90)

**Nove Frangovski - Republic of Macedonia**
Born in 1939 in Galichnik. Graduated on the Academy of Fine Arts in Belgrade and specialized in Italy.
Telephone number: 023/60 27 53; 070/79 09 92
Title of the work of art: " **Without title** ", oil on canvas (140 x 90)





**Лидија Николае – Романија**
Родена 1959 год. Завршила сликарство на Академијата за ликовна уметност во Букурешт, 1966 год.
e-mail: lidia.nikolae@gmail.com
Наслов на дело :
**"Afternoon of a clown "**, акрил на платно (70x90)

**Lidija Nikolae - Romania**
Born in 1959. Graduated on the Academy of Fine Arts in Bucharest in 1966 on the Department of painting.
e-mail address: lidia.nikolae@gmail.com
Title of the work of art:
**" Afternoon of a clown "**, acrylic paint on canvas (70 x 90)



**Иван Тошков - Р. Бугарија**
Дипломирал на Факултетот за ликовна уметност во Пловдив.
Живее и работи во Пловдив.
Наслов на дело: **" Без наслов "**, акрил на платно, (90x70)

**Ivan Toshkov - Republic of Bulgaria**
Graduated on the Faculty of Fine Arts in Plovdiv. Works and lives in Plovdiv.
Title of the work of art: **" Without title "**, acrylic paint on canvas (90 x 70)

**Миладин Лукиќ – Босна и Херцеговина**
Живее и работи во Бјелина, како професор на Педагошка Академија.
Има реализирано повеќе самостојни и групни изложби.
Учесник е на повеќе ликовни колонии.
Наслов на дело: **" Без наслов "**, масло на платно (90x70)

**Miladin Lukikj - Bosnia and Herzegovina**
Lives and works in Bjelina as a professor of the Pedagogical Academy. Has realized several independent and group exhibitions.
Participated in a great number of art colonies.
Title of the work of art: **" Without title "**, oil on canvas (90 x 70)





**Лариса Ацков – Р. Србија**
Родена е 1971 година во Панчево.
Завршила Факултет за применета уметност во Белград,
оддел – керамика, а постдипломски студии завршила на истиот,
во класата Уникатна керамика, 2004 год. Работи како самостеоен уметник.
e-mail : larisaac@yahoo.com
Наслов на дело :
**" Звездотворец "**, акрил на платно ( 70x90)

**Larisa Ackov - Republic of Serbia**
Born in 1971 in Panchevo.
Graduated on the Faculty of Applied Arts in Belgrade,
Department of ceramics. Finished postgraduate studies on the same Faculty,
on the Department of Unique ceramics in 2004. Works as an independent artist.
e-mail address: larisaac@yahoo.com
Title of the work of art:
**" The Creator of stars "**, acrylic paint on canvas (70 x 90)



**Катарина Ѓорѓевиќ – Р. Србија**
Родена е во Ниш. Завршила Академија за ликовна уметност во Белград.
Работи како професор по сликарство и цртеж на Факултетот по уметност во Ниш.
e-mail: katarinadjordjevic1966yahoo.com
Наслов на дело :
**" Кокино II "**, акрил на платно (60x80)

**Katarina Djordjevikj - Republic of Serbia**
Born in Nish. Graduated on the Academy of Fine Arts in Belgrade.
Works as a professor of painting and drawing on the Faculty of Fine Arts in Nish.
e-mail address: katarinadjordjevic1966@yahoo.com
Title of the work of art:
**" Kokino II "**, acrylic paint on canvas (60 x 80)



**Спартак Паскалевски – Р. Бугарија**
Роден 1947 год. во Скопје. Завршил Академија за ликовна уметност во Софија, оддел - графика и илустрација на книга. Специјализирал графика. Автор е на многубројни публикации од областа на филозофијата, историја на уметноста, иконографијата и др. Има повеќе самостојни и групни изложби.
e-mail: paskalevski@gmail.com
Наслов на дело : **" Разговор "**, масло на платно (70x90)

**Spartak Paskalevski - Republic of Bulgaria**
Born in 1947 in Skopje. Graduated on the Academy of Fine Arts in Sofia, on the Department of graphics and book ilustration. Specialized in graphics. Author of many publications from the area of philosophy, history of art, iconography etc. Has had a great number of independent and group exhibitions.
e-mail address: paskalevski@gmail.com
Title of the work of art: **" A conversation "**, oil on canvas (70 x 90)

**Цветанка Јованова - Р. Македонија**
Завршила Факултет за ликовна уметност во Скопје.
Наслов на дело :
**" Предел "**, триптих - акрил на платно, (210x90)

**Cvetanka Jovanova - Republic of Macedonia**
Graduated on the Faculty of Fine Arts in Skopje.
Title of the work of art:
**" Region "**, tryptich - acrylic paint on canvas (210 x 90)





**Наташа Петковска - Р. Македонија**
Родена 1987 год. во Куманово. Завршила ФЛУ во Скопје.
e-mail: nanagemini@hotmail.com
Наслов на дело: **" Изгрејсонце "**, диптих-масло на платно (140x90)

**Natasha Petkovska - Republic of Macedonia**
Born in 1987 in Kumanovo. Graduated on the Faculty of Fine Arts in Skopje.
e-mail address: nanagemini@hotmail.com
Title of the work of art: **" Sunrise "**, dyptich - oil on canvas (140 x 90)




**Мабел Роса Бустос - Аргентина**
Родена 1951 год. во Бахиа Бланка.
Завршила Училиште за визуелни уметности,
1975 год. Живее и работи во Шведска.
e-mail: mabel.rosa.bus@hotmail.com
Наслов на дело : **" Патеката на Катја "**, инсталација ( дрво и метал )

**Mabel Rosa Bustos - Argentina**
Born in 1951 in Bahía Blanca.
Finished School of Visual Arts in 1975.
Lives and works in Sweden.
e-mail address: mabel.rosa.bus@hotmail.com
Title of the work of art: **" Katja's path "**, installation (wood and metal)



Уметничка галерија
Куманово

Издавач: Национална установа музеј - Куманово
За издавачот: Анита Цветановска
Организација: Драгана Спасковска, Перо Величковски
Текст: Драгана Спасковска
Превод на англиски: Ивана Николовска
Дизајн на каталогот: Александар Симоновиќ - Симо
Фотографии: Марјан Јакимовски
Печати: Киме граф - Куманово
Тираж: 350
Куманово 2013

Publisher: National Museum - Kumanovo
Editor: Anita Cvetanovska
Organisation: Dragana Spaskovska, Pero Velickovski
Text: Dragana Spaskovska
Translation: Ivana Nikolovska
Design: Aleksandar Simonovic-Simo
Photos: Marjan Jakimovski
Print: Kime - Graf Kumanovo
Copies: 350
Kumanovo 2013

Министерство за култура
на Република Македонија

Градоначалник и Совет
на Општина Куманово